# Извештај за транспарентност 2013 година

## Ернст и Јанг Овластени ревизори Доо - Скопје

## (EY Македонија)

EY

Building a better working world

# Содржина

Писмо од локалниот партнер за управување ........ 1
За нас ........ 2
Посветеност на квалитет........ 7
Политика на независност ........ 20
Приходи и надоместоци ........ 26
Работа со нашите заинтересирани страни и заедници........ 28
Прилог: Клиенти на  EY Македонија ........ 31

Повеќе информации за EY се достапни на www.EY.com

Друштво за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги
ЕРНСТ И ЈАНГ-ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО
Бр. 023/14
28.03.2014 год.
СКОПЈЕ

# Писмо од локалниот партнер за управување



Добредојдовте во Извештајот за транспарентност за 2013 година на ЕY Македонија. Изминатава година беше многу значајна за ЕY и на глобално ниво и во Македонија. Во јануари го лансиравме Визија 2020, со што се поставија целите, амбициите, стратегијата и позицијата на ЕY.

Работејќи на создавањето на Визија 2020, мошне внимателно го гледавме светот околу нас - зборувавме со луѓе во и вон ЕY: водечки мислители, клиенти и нашите луѓе. Во тој процес, сфативме дека нашата цел е јасна - да изградиме подобар деловен свет. Целта е присутна во:

- Нашите услуги кои градат верба и доверба во пазарите на капиталот - помагајќи им на инвеститорите да носат информирани одлуки и помагајќи им на бизнисите да растат одржливо.
- Нашата верба дека секоја ревизија, секој поврат на данок, секоја можност за советување и секоја интеракција треба деловниот свет да го направи подобар од порано.
- Нашиот однос со нашите луѓе, нашите клиенти, со владите и непрофитните организации - преку она што ние го велиме и правиме и разговорите кои ги водиме за предизвиците со кои се справуваат економиите и пазарите на капиталот.

Во срцето на градењето подобар деловен свет е сместена нашата улога од јавен интерес, како ревизор на државните компании. Ревизорите играат клучна улога за ефикасното функционирање на нашите пазари на капиталот по пат на унапредување на транспарентноста и поддржување на довербата на инвеститорите. Нашите клиенти, регулатори и други чинители сметаат на нас за добивањето квалитет и одличност, додека вршењето висококвалитетни ревизии останува главна струја во нашата улога да служиме на јавниот интерес и успешниот раст на ЕY.

Како дел од Визија 2020, инвестираме во алатки за подобрување на ревизијата, создаваме најефикасни тимови и се фокусираме на градењето доверба и верба во ревизиите кои ги вршиме во Република Македонија и насекаде низ светот. Моите колеги и јас во Македонија сме среќни што можеме да ја одиграме нашата улога за Визија 2020 да стане реалност. Се надеваме на соработка со вас и споделување на нашиот напредок. Постојаниот дијалог со нашите заинтересирани страни за нас е приоритет и повратната информација помага при формирањето на нашите ставови и активности.

Во таа насока, продолжуваме со преземањето на целите за транспарентност кои произлегуваат од 8-та Директива за законот за трговски друштва на Европската унија и македонскиот закон за трговските друштва, кои од македонските државни ревизори на компаниите од јавен интерес бараат да објавуваат годишни извештаи за транспарентност. Овој Извештај за транспарентност за 2013 година на ЕY за Македонија е во согласност со Директивата и локалните законски барања, а се однесува за годината која завршува на 31 декември 2013 година.

Во овој извештај можете да прочитате повеќе за нашиот систем за внатрешна контрола на квалитет - како ги всадуваме професионалните вредности; како вршиме преглед; нашиот процес на ревизија и консултации и нашиот процес за преглед на квалитетот на ревизијата. За првпат во овој извештај, може да прочитате повеќе за пристапот на ЕЈ кон ангажманите на заинтересираната страна на светско ниво и во Македонија. Им благодариме на сите кои одделија време со нас да ги споделат своите размислувања во текот на 2013 година. Ги охрабрувам инвеститорите, членовите на ревизорските комисии, компаниите, регулаторите и сите наши заинтересирани страни да продолжат да работат заедно со нас и вашите мислења за работите кои се покриени со овој извештај се добредојдени.

Николај Гарнев
Локален партнер за управување во земјата и партнер за ревизија
ЕY Македонија

Друштво за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги ЕРНСТ И ЈАНГ-ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје



# За нас

## Правна структура, сопственишто и управување

Во Р.Македонија, Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО е друштво со ограничена одговорност основана во Р.Македонија и е членка на Ернст и Јанг Глобал Лимитед, компанија од Обединетото Кралство ограничена со гаранција. Во овој извештај сеословуваме како EY  Македонија, „ние“, „нас“ или „наш/наша/наше/наши“. EY се однесува заеднички на глобалната организација на компании членки на Ернст и Јанг глобал лимитед (EYG).

EY Овластени ревизри во Македонија е друштво со ограничена одговорност во кое 49% од уделите се во сопственост на Ernst & Young Southeast Europe Limited од Никозија, Р. Кипар додека 51% од уделите во спственост на локани овластени ревизори.

EY Македонија исто така ги вклучува следниве компании членки на EYG во Македонија:

- Друштво за интелектуални услуги Ернст и Јанг  Услуги ДООЕЛ - Скопје

Друштвото за ревизорски услуги е управувано од тројца сопственици преку нивни назначени управители. Бројот на управители во друштвото изнесува 2.

Канцеларијата на EY Македонија се наоѓа на булевар 8-ми септември број 18, зграда 3, спрат 4, 1000 Скопје, македонија. Заклучно со 31 декември 2013 госина бројот на локани овластени ревизори во друштвото изнесува 3.

Компаниите членки на EY се групирани во четири географски области: Северна и Јужна Америка, Азија – Пацифик, ЕБИИА (Европа, Близок Исток, Индија и Африка) и Јапонија. Областите вклучуваат повеќе региони во кои имаа компании членки или делови од тие компании.

EY Македонија е дел од областа ЕМЕИА, која се состои од компании членки на EYG во 98 држави во Европа, Блискиот Исток, Индија и Африка. Во рамки на областа ЕМЕИА има 12 региони.

Нашата област ЕМЕИА се состои од компании членки на EYG во 98 држави во Европа, Блискиот Исток, Индија и Африка.

Ернст и Јанг (EMEIA) лимитед  (EMEIA лимитед), компанија од  Англија ограничена со гаранција, е главната компанија за управување на компаниите членки на EYG во областа ЕМЕИА. ЕМЕИА лимитед ја олеснува координацијата на овие компании и соработката меѓу нив, но не ги контролира. ЕМЕИА лимитед е компанија членка на EYG.

Во Европа, во форма на холдинг, Ернст и Јанг Европа ДОО (EY Европа) е заснована во заедништво со областа ЕМЕИА. EY Европа е Англиско партнерство со ограничена одговорност, во сопственост на партнери од компаниите членки на EYG во Европа. Претставува ревизорска компанија регистрирана во ИОРАВ (Институтот на овластени ревизори во Англија и Велс), но не врши ревизии и не дава професионални услуги. Во рамки на дозволените локални правни и регулаторски услови, EY Европа има контрола или ќе стекне контрола на компаниите членки на EYG во европските држави кои се дел од областа ЕМЕИА. EY Европа е компанија членка на EYG и ЕМЕИА лимитед.

EY Европа стекна контрола врз EY Македонија од 15 декември 2009 година.

Главните тела на EY Европа се:

**Извршен одбор за Европа**

Извршниот одбор за Европа има функција на одбор на EY Европа. Неговите овластувања и одговорност се стратешко извршување и управување на работењето според следниве четири главни делови: персонал, квалитет, раст и оперативна усовршеност. Се состои од европски Партнер за управување; европскиот заменик партнер за управување; лидерите за управување со сметки, талент и ризик, лидерите за услужни дејности за уверување, советување, советодавни услуги за трансакции и даноци и сите европски регионални партнери за управување.

**Советодавен одбор за Европа**

EY Европа има избран Советодавен одбор за Европа, кој се состои од повеќе партнери на компаниите членки на EYG во Европа. Има советодавна улога на Извршниот одбор за Европа за политики, стратегии и други работи, а неговото одобрување е потребно за повеќе значајни работи, како што се назначување на партнер за управување во Европа, одобрување финансиски извештаи на EY Европа и материјални трансакции].

## Поставеност на мрежата




EY е глобален лидер во уверување, даноци, трансакции и советодавни услуги. На светско ниво, 175,000 луѓе во повеќе од 150 држави ја делат посветеноста за градење подобар деловен свет и се обединети од заедничките вредности и упорната посветеност за квалитет, интегритет и професионален скептицизам. На современиот глобален пазар, интегрираниот пристап на EY е особено важен при вршењето висококвалитетни мултинационални ревизии кои можат да вклучат повеќе правни системи.

Централниот ентитет на EY, EYG, ги координира компаниите членки и ја унапредува нивната меѓусебна соработка. EYG не дава услуги, туку има за цел да ги унапреди компаниите членки кон исклучителни и висококвалитетни услуги кон клиентите, на светско ниво. Секоја компанија членка е засебен правен ентитет. Обврските на компаниите членки и нивните одговорности се раководени од страна на регулативите на EYG и други најразлични договори.

Структурата и главните глобални тела како дел од глобалната организација во текот на годината која завршува на 31 декември 2013 година се опишани подолу. Тие ги отсликуваат начелата за поделба на управувањето и раководењето и дека EY, како глобална организација, има единствена заедничка стратегија.

Отпочнувајќи во јули 2013 година, EY го воспостави својот оперативен модел во Извршните одбори и регионите. Извршниот одбор ќе ги вклучува Глобалниот извршен одбор (ГИО), неговите комисии и тимови, како и четирите географски области, протегајќи се во 29 региони (порано наречени подобласти). Ваквата структура на EY ќе овозможи подобрување на глобалната распореденост и давањето на конзистентни одлични услуги насекаде низ светот, со тоа што Извршниот одбор ќе биде одговорен за глобалниот пристап кон стратегијата, квалитетот, управувањето со ризици, деловното планирање, инвестициите и приоритетите. Истовремено, новиот оперативен модел ќе овозможи подобро фокусирање на чинителите во регионите, осигурувајќи се дека EY може да изгради посилни врски со нашите клиенти и другите чинители во секоја земја, со што би се постигнале подобри одговори на локалните потреби.

### Глобален Советодавен совет

Глобалниот советодавен одбор е главното советодавно тело на EY. Се состои од повеќе компании членки на ниво на партнери (насловени како партнери) кои потекнуваат од четирите области, а исто така вклучува и независни неизвршни претставници (ННП). Партнерите, кои притоа немаат повисоки управни улоги, се избираат од нивните колеги со

тригодишен мандат, со можност за еден дополнителен последователен избор.

ННП се номинираат од страна на посебни комисии. Глобалниот советодавен совет врши советување на EYG за политиките, стратегиите и аспектите од јавен интерес на нивното носење одлуки. Глобалниот советодавен совет е овластен за одобрувања за повеќе значајни работи кои може да имаат влијание на EY.

**Независни неизвршни претставници**

Независните неизвршни претставници (ННП) се назначуваат вон EY и на глобалната организација и Глобалниот советодавен совет им даваат значаен придонес кон нивните надворешни перспективи и мислења. Повеќе информации за ННП на EY може да се најдат во следниот дел.

**Глобален извршен одбор**

Глобалниот извршен одбор ги сплотува лидерските функции, услуги и географии на EY. Неговото претседавање се врши од Претседателот и Главниот извршен директор на EYG, а вклучува и свој Главен оперативен директор; глобални партнери за управување со услуги кон клиенти и поддршка за бизниси; обласните раководни партнери; глобалните функционални лидери за талент, управување со ризици и финансиски и корпоративен развој; како и лидерите за глобални услужни дејности – уверување, советување, советодавни услуги за даноци и трансакции, како и глобалните лидери за јавни политики. Глобалниот извршен одбор, исто така, го вклучува и Претседателот на Глобалната комисија за сметки и Претседателот на Глобалната комисија за пазари во подем, како и претставници од компаниите на пазарите во подем.

Глобалниот извршен одбор и Глобалниот советодавен совет ги одобруваат номинациите за Претседател, Главен извршен директор и Главен оперативен Директор на EYG, а исто така и одобруваат назначувања за глобални партнери за управување. Глобалниот извршен одбор, исто така, одобрува назначувања на глобални потпретседатели. Глобалниот советодавен совет ги одобрува назначувањата на секој глобален потпретседател кој има улога на член во Глобалниот извршен одбор. Понатаму, Глобалниот извршен одбор одобрува назначувања на партнерите за управување од областа. Ваквите назначувања се предмет на одобрување и од страна на Глобалниот советодавен совет.

Во описот на работни задачи на Глобалниот извршен одбор се вбројува и унапредувањето на глобалните цели и развој, одобрување и онаму каде што е потребно, имплементација на:

- Глобални стратегии и планови
- Заеднички стандарди, методологии и политики кои треба да бидат унапредени кај компаниите членки
- Иницијативи за персонал, вклучително критериуми и процеси за примање, оценување, развој, наградување и пензионирање
- Подобрување на квалитети и програми за заштита
- Предлози во поглед на регулаторни работи и јавни политики
- Политики и предводење кои се однесуваат на услугите кон меѓународни клиенти од страна на компаниите членки, развој на деловноста, пазари и брендирање
- Деловни планови на EY, развојни фондови и приоритети за инвестирање
- Годишни финансиски извештаи на EYG и буџети
- Препораки на Глобалниот советодавен совет
- Секакви други предлози за поддршка на глобалните цели

Исто така, поседува овластување за посредување и решавање спорови меѓу компании членки.

**Глобални извршни комисии**

Претседавана од членови на Глобалниот извршен одбор и сплотувајќи претставници од четирите области, Глобалните извршни комисии се одговорни за даавање препораки на Глобалниот извршен одбор. Постојат комисии за глобални пазари и инвестиции, таленти, управување со ризици, уверување, совети и советодавни услуги за даноци и трансакции.

**Глобална работна група**

Ова група ги обединува членовите на Глобалниот извршен одбор, Глобалните извршни комисии и регионалните лидери. Глобалната работна група изнајдува заедничко разбирање меѓу компаниите членки за стратешките цели на EY и конзистентност во работењето во рамки на целата организација.

**Компании членки на EYG**

Согласно регулативите на EYG, компаниите членки се обврзуваат да ги следат целите на EY, како што се давањето висококвалитетни услуги, насекаде низ светот. Со таа цел, компаниите членки се обврзани да ги спроведат глобалните

стратегии и планови и да одржат минималниот делокруг на услужна способност. Од нив се бара да се усогласат со заедничките стандарди, методологии и политики, вклучително оние кои се однесуваат на ревизорската методологија, квалитетот и управувањето со ризик, независноста, споделувањето знаење, човечки ресурси и технологија.

Пред сè, компаниите членки на EYG се посветени за вршење на нивните професионални работи согласно применливите професионални и морални стандарди, како и применливите услови од законот. Ваквата посветеност на интегритетот и правичното работење се зајакнати од Глобалниот работен кодекс на EY и Вредностите на EY.

Покрај усвојувањето на регулативите на EYG, компаниите членки влегуваат во неколку други договори кои ги покриваат аспектите на нивното членство во организацијата на EY, како што се правото и обврската за користење на името на EY и споделувањето знаење.

Компаниите членови се предмет на прегледи кои го оценуваат нивното придржување кон условите и политиките на EYG кои уредуваат прашања како што се независност, квалитет и управување со ризик, методологија на ревизија и човечки ресурси. Доколку е потребно, се вршат посебни фокусирани прегледи за справување со ситуации или проблеми како што се појавуваат. Компаниите членови кои не се во можност да ги остварат обврските за квалитет и други услови кои произлегуваат од членството на EYG се предмет на одделување од организацијата на EY.

## Независни неизвршни претставници

EY покани светски лидери од соодветни области кои работат како независни неизвршни претставници (ННП). Тие даваат независен глас највисокото ниво на управување, нудејќи увид во интересите на клучните чинители на EY и дополнителна објективност во рамки на управувачките структури. EY го следи моделот на Кодексот на управување со ревизорски компании од Обединетото Кралство за ННП по пат на избор на почитувани индивидуи кои заеднички ја подобруваат довербата на чинителите преку нивната независност, раст, искуство и експертиза.

**Назначување**

ННП се назначуваат од страна на Комисијата за назначување на ННП која се состои од претседател, Главен извршен директор на EYG, партнерот кој претседателствува со Глобалниот советодавен совет и други лица, за коишто претседателот/Главен извршен директор и партнерот кој претседателствува во нивна дискретност сметаат дека се соодветни. Назначувањата бараат одобрение од страна на Глобалниот извршен одбор и ратификување од страна на Глобалниот советодавен совет.

**Поддршка**

ННП се назначени за добивање информации за глобалното работење. Со цел да се осигури ефективноста на секој ННП, тие добиваат административна поддршка, додека цената на секој независен професионален совет кој можеби е потребен се задоволува.

**Мандат**

Мандатот на ННП е три години, со одредба за дополнителен последователен мандат на барање на Комисијата за назначување ННП и Глобалниот извршен одбор.

**Несогласувања**

Сите несогласувања со кој било ННП може да се решат по пат на медијација од страна на претседателот/Главниот извршен директор на EYG по пат на утврден процес за известување и консултации. Во случај на неразрешено несогласување, ННП има право да отстапи од позицијата.

**Независност**

EY ги разгледува стандардите за независност за одреден ревизор пред да аплицираат за ННП во улога на членови на Глобалниот советодавен совет, и се осигурува дека стандардите се постигнати.

**ННП на EY**

*Лим Хве Хуа*

Лим Хве Хуа е поранешен Министер за финансии и транспорт на Сингапур. Покрај тоа што е е првата жена министер во историјата на Сингапур, таа исто така е и поранешна „Светска жена на годината“ на *Straits Times*. Пред влегувањето во политика, Лим Хве Хуа работела во Jardine Fleming, по што станала управен директор на Temasek Holdings.

*Шијамала Гопинат*

Шијамала Гопинат е поранешен заменик гувернер на Резервната банка на Индија (РБИ), позиција на која работеше од 2004 до 2011 година. Со работа во РБИ започна во 1972 година и работеше на различни работни позиции, меѓу другите како Извршен директор од јуни 2003 година до унапредувањето на позицијата заменик гувернер. Исто таа, таа две години работеше во пратеништвото на Меѓународниот монетарен фонд.

*Сер Ричард Ламберт*

Сер Ричард Ламберт е декан на универзитетот во Варвик, член на Надзорниот одбор на Министерството за надворешни работи и комонвелтот (Обединето Кралство), поранешен генерален директор на Конфедерацијата за британската индустрија и поранешен уредник на *Financial Times*. Сер Ричард беше прогласен за витез за неговите деловни услуги во почестите за 2011 година.

*Клаус Манголд*

Клаус Манголд е директор на многу компании, вклучително Alstom S.A., Continental AG, TUI AG, Metro AG и Rothschild GmbH. Меѓу неговите поранешни директорски места се вбројуваат DaimlerChrysler Services AG, а беше и претседател на Комисијата Исток-Запад на German Industry. Тој е командант на легијата на честа (Франција) и Професор на Европското школо за бизнис.

*Марк Олсон*

Поранешните работни позиции на Марк Олсон вбројуваат Гувернер на Одборот на федералните резерви, Претседател на US PCAOB, Директор на персоналот на подкомитетот на Сенатот на САД за банкарство, домување и Комитетот за урбани работи, Претседател на Американската асоцијација на банкари, претседател на банка и ГИД. Работеше како партнер во EY од 1988 година до 1999 година.



# Посветеност на квалитет

## Инфраструктура за поддршка на квалитетот

Глобалниот партнер за управување – Управување со ризик (ГПУ УР) има надзорна улога за квалитетот на иницијативите во рамки на целата организација на EY во четирите услужни дејности, вклучително уверување, советување, даноци и советодавни услуги за трансакции.

ГПУ УР е под надзор на Претседателот и Главниот извршен директор, додека Главниот оперативен директор на EYG е член на Глобалниот извршен одбор. Партнерите од компаниите членки се назначуваат за предводење иницијативи за проценка на ризик во услужните области, како и членки компании, поддржани од останатиот персонал и професионалци. ГПУ УР, исто така, е одговорна за воспоставување на конзистентни глобални приоритети за вршење на проценка на ризик. Овие приоритети се поставени каскадно кон компаниите членки, додека нивното извршување се следи со формална програма за управување со ризик во претпријатија.

Глобалниот заменик претседател – за ревизија ја координира усогласеноста на компаниите членки со примената на политиките и процедурите на EY кои се однесуваат на услуги за ревизија.

Глобалниот заменик претседател – професионална пракса, наречен уште и Директор за професионална пракса (ДПП), е под надзор и на ГПУ УР и на Глобалниот заменик претседател – ревизија, а работи директно со обласниот ДПП со цел да воспостави глобални политики и процедури за контрола на квалитет на ревизиите. Обласните ДПП се под надзор на глобалниот ДПП, обласниот лидер за управување со ризик и обласниот лидер за ревизија. Со ова се добива поголема сигурност за објективноста на квалитетот на ревизијата и процесот на консултации.

Глобалниот ДПП и обласниот ДПП, исто така, предводат и вршат надзор на Професионалната работна група, глобална и обласна мрежа на предметни специјалисти во технички работи поврзани со ревизорски стандарди кои се консултираат за сметководство, ревизија и финансиско известување, како и кои вршат разни работи поврзани со мониторинг и управување со ризик.

Глобалните ДПП го надгледуваат развојот на Глобалната ревизорска методологија на EY(ГРМ EY) и поврзаните технологии во поглед на тоа дали се во согласност со релевантните професионални стандарди и регулаторните услови. Професионалната работна група, исто така, врши надзор на развојот на програмите за водење, обуки и надзор и процесите кои се користат од страна на компаниските професионалци, со цел ревизиите да бидат извршувани конзистентно и ефективно. ДПП, заедно со другите професионалци кои работат со нив во секоја компанија членка се познати на луѓето од EY, на клиентите и процесите и се достапни за консултации со ангажираните ревизорски тимови.

Честопати има потреба од дополнителни ресурси за подобрување на ресурсите на Професионалната работна група, вклучително мрежи од професионалци кои се фокусирани на следново:

- Известување за внатрешната контрола и аспекти поврзани со нашата ревизорска методологија
- Сметководство, ревизија и прашања поврзани со ризици за специфични индустрии и сектори
- Прашања поврзани со конкретни настани, како што се финансиски кризи; области со граѓанско и политичко нетрпение; државен долг и поврзани сметководствени, ревизорски и финансиски извештаи и импликации од нивното објавување
- Општи прашања поврзани со ангажмани и како да се работи ефективно со ревизорски комисии

Организацијата на обласната професионална пракса вклучува определен аобласт и ресурси како и регионален Директор за професионална пракса (регионален или ЦЈЕ (CSE) директор за професионална пракса) кој одговара н а обласниот ДПП како и н арегионалниот лидер за ревизија.

ЦЈЕ ДПП е одоговрен за мониторирање, контрола и подоборување на квалитетот н аглавните и специлизираните ревизорски практики во регионот како и за конзистентно извршување на глобалните политики процедури и методологии во рамки на регионот. За достигнување на таа цел , ЦЈЕ ДПП, заедно со управувачкиот тим на ЦЈЕ воспоставувува ефективна регионална организација за професионална пракса составена од поединци кои се одговорни за спроведување на одредени задачи и одговорности под надзор на ЦЈЕ ДПП. Регионот на Централна и Југоисточна Европа (ЦЈЕ) е прганизиран во кластери со ДПП на секој кластер а во рамки на секоја земја има локален ДПП кој е одговорен за локалната регулатива и професионалните работи се со цел да се обезбеди конзистентно извршување на глобалните политики, процедури и методологи кои се применуваат во земјата.

Во следниве делови, ги опишуваме главните компоненти од нашата програма за контрола на квалитет на ревизијата

- Всадување професионални вредности
- Систем за внатрешна контрола на квалитет
- Прифаќање од страна на клиенти и продолжување соработка
- Вршење ревизии
- Преглед и консултации
- Ротација на партнери за ревизија
- Прегледи на квалитетот на ревизиите
- Надворешни прегледи за уверување
- Усогласеност со правните услови

## Всадување професионални вредности

**„Атмосфера на врвот"**

Нашиот тим на виши раководители е одговорен за воспоставување на правилната „атмосфера на врвот" и прикажување на посветеноста на EY за градење на подобар свет за работа, преку своето однесување и постапки. Исто така, настојуваме да им објасниме на нашите луѓе дека квалитетот на работата и професионалната одговорност започнуваат со нив. Нашите вредности, коишто ги инспирираат нашите луѓе и ги водат на прав пат, како и нашата посветеност кон квалитетот, се вградени во она што сме и во сè што правиме.

Нашиот пристап кон деловната етика и интегритет е вграден во нашата култура на советување, нашите програми за обучување и нашите внатрешни комуникации. Вишото раководство редовно ја нагласува важноста од извршување на квалитетна работа и усогласеност со професионалните стандарди и нашите политики преку  примери и различни облици на комуникација. Исто така, со помош на нашите програми за проверка на квалитетот го проценуваме  квалитетот на професионалните услуги како клучна мерка во оценувањето и наградувањето на сите вработени.

Нашата култура силно ја поддржува соработката и става посебен акцент на важноста од консултација при решавањето на сложени и субјективни сметководствени и ревизорски прашања, како и на прашања во врска со извештаи, законитости и независност. Веруваме дека е важно да се утврди дали ревизорските тимови и клиентите  правилно ги следат консултантските совети  и истото го нагласуваме кога е потребно.

**Нашиот став отсекогаш бил дека ниеден клиент не е поважен од  нашиот професионален углед – угледот на EY Македонијаи угледот на секој од нашите вработени.**

### Кодекс на однесување

Ние промовираме култура на интегритет, како и извршување на висококвалитетни ревизии, пред сите наши вработени. Глобалниот кодекс на однесување нуди јасен пакет стандарди коишто ги насочуваат нашите постапки и нашето деловно однесување. Овој кодекс е организиран во пет категории коишто содржат начела што мора да бидат почитувани од сите во рамките на EY Македонија за да се насочи однесувањето во сите области на дејствување:

- Работење еден со друг
- Работење со клиенти и други
- Дејствување во согласност со професионален интегритет
- Одржување на нашата објективност и независност
- Почитување на интелектуалниот капитал

Со примена на нашите постапки за следење на усогласеноста со Глобалниот кодекс на однесување и преку зачестено комуницирање, настојуваме да создадеме опкружување што ќе ги поттикне сите вработени да работат одговорно, како  и да го пријават секое недолично однесување без страв од одмазда.

EY/етика (EY/Ethics) е глобална служба  на EY за етика која им овозможува на нашите вработени, клиенти и други лица надвор од организацијата, анонимно да пријават активности што може да опфаќаат неетичко и недолично однесување и што може да доведат до прекршување на професионалните стандарди или кои на кој било друг начин се недоследни на Глобалниот кодекс на однесување. Со EJ/етика управува надворешна организација која што овозможува доверливи и, по желба, анонимни услуги на телефонско пријавување на друштва ширум светот.

После секоја  примена пријава преку  телефон или интернет, Службата ЕУ/етика веднаш го насочува цело свое внимание кон истата. Во зависност од содржината на пријавата, одговорните лица од одделот за управување со ризици, човечки ресурси, правни или други функции се вклучуваат во решавањето на истата. Сите проблеми се решаваат од страна на искусни стручни лица, под надзор на глобалниот оддел за управување со ризици. Истите постапки се применуваат и за оние проблеми што се пријавуваат надвор од Службата EY/етика.

### Нашите вредности
*Кои сме ние*

**Луѓе коишто претставуваат интегритет, почитување и тимско работење**

**Луѓе со енергија, ентузијазам и храброст за управување**

**Луѓе коишто градат врски врз основа на правилниот начин на работење**

## Внатрешен систем за контрола на квалитет

Угледот на EY Македонија за независно, објективно и етичко обезбедување на висококвалитенти професионални услуги на ревизија е темел за нашиот успех како независни ревизори. Ние континуирано вложуваме во иницијативи за зајакнување на објективноста, независноста и професионалниот скептицизам. Овие се темелни карактеристики на висококвалитетна ревизија.

Во EY Македонија, нашата улога како ревизори е да обезбедиме уверување за објективното прикажување во финансиските извештаи на друштвото што е предмет на ревизија. Ние обединуваме квалификувани тимови коишто ќе ги извршуваат нашите услуги, повикувајќи се на нашата стручност во сите индустриски сектори и услуги. Непрестајно настојуваме да ги подобриме постапките за управување со квалитет и ризици за да го одржиме квалитетот на нашите услуги на конзистентно високо ниво.

Сметаме дека, во денешното опкружување кое се карактеризира со континуирана глобализација и брзо движење на капитал, квалитетот на нашите ревизорски услуги никогаш не биле од поголема важност. EY продолжува да вложува во развојот на ревизорската методологија, алатки и други ресурси што се потребни за обезбедување на квалитетни услуги. Ова ја одразува моќта на нашата посветеност за градење на подобар свет за работа, особено за градење на доверба во капиталните пазари и економиите низ целиот свет.

И додека пазарот и заинтересираните страни продолжуваат да бараат висококвалитетни ревизии, тие исто така бараат и зголемено делотворно и успешно обезбедување на ревизиски услуги. EY продолжува да бара начини за подобрување на успешноста и делотворноста на ревизорската методологија и постапки, истовремено одржувајќи го квалитетот на ревизиите. Ние настојуваме да дознаеме во кој сегменти квалитетот на нашата ревизија не ги исполнува нашите очекувања и оние на заинтересираните страни, вклучувајќи ги и регулаторите на надворешните ревизорски друштва.  Настојуваме да учиме од активностите на внатрешните и надворешните инспекции и да ги препознаеме основните причини за недостиг на квалитет со цел да можеме да вршиме постојано усовршување на квалитетот на ревизиите и веруваме дека важен дел од постапките на ревизиски инспекции е преземањето соодветни активности за подобрување на квалитетот.

**Делотворност на системот за контрола на квалитет**

EY разви и спроведе сеопфатен пакет на глобални политики и процедури за контрола на квалитетот на ревизиите. Ваквите политики и процедури се во согласност со Меѓународните стандарди за контрола на квалитет, издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување (ОМСРУ) EY Македонија ги усвои овие глобални политики и процедури и ги дополни за да бидат во согласност со локалните закони и професионални упатства и за решавање на специфичните деловни потреби.

Исто така, ја спроведуваме програмата на EY за Проверка на квалитетот на ревизијата (ПКР ) и проценуваме, на годишно ниво, дали нашиот систем за контрола на квалитетот на ревизијата бил делотворен на начин на кој би се обезбедило разумно уверување дека EY Македонија и нашите вработени дејствуваат во согласност до применливите професионални и внатрешни стандарди и законски прописи.

Резултатите од програмата за Проверка на квалитетот на ревизијата (ПКР) и надворешните инспекции се оценуваат и ѝ се соопштуваат на EY Македонија за да може да обезбеди основа за постојано усовршување на квалитетот на ревизијата, во согласност со највисоките стандарди на оваа професиија.

Глобалното извршно раководство е одговорно за спроведувањето на програми за подобрување на квалитетот и заштита. Како такво, истото ги анализира резултатите од нашата внатрешна програма за ПКР и надворешните регулаторни проверки, како и клучните активности што се наменети за областа што треба да се подобри.

Неодамнешните резултати од ваквото следење, заедно со неодамна добиените повратни информации од независните регулаторни инспекциски посети, ѝ овозможија на EY Македонија да донесе заклучок дека нашите системи за внатрешна контрола се развиени на соодветен начин и дејствуваат делотворно.

EY Македонија потврдува дека системот на внатрешни контроли кој се применува е ефикасен и ефективен и дека ги задоволува меѓународните и локалните стандарди за контрола.

## Прифаќање на нов клиент и продолжување на соработка

### EY политика

Глобалната политика на EY за Прифаќање на нов клиент и продолжување на соработка со постоечки клиент поставува начела во чија согласност се одлучува дали да се прифати нов клиент или нов ангажман, или дали да се продолжи соработката со веќе постоечки клиент или ангажман. Ваквите начела се од темелно значење за одржувањето на квалитетот, управувањето со ризик, заштитата на нашите вработени и усогласеноста со законските прописи. Целите на политиката се следниве:

- Воспоставување на строго утврден процес за оценување на ризик и донесување одлуки за прифаќање нов клиент/продолжување на соработка со клиенти или ангажман
- Усогласеност со применливите прописи за независност
- Препознавање и соодветно справување со судири на интереси
- Препознавање и одбивање на клиенти што претставуваат преголем ризик
- Барање на консултација со одговорните стручни лица за да се препознаат дополнителните постапки на управување со ризик за специфични фактори за висок ризик
- Усогласеност со законските, регулаторните и професионалните прописи

Освен тоа, глобалната политика на EY за судир на интереси ги поставува глобалните стандарди за категории на судири на интереси и постапките за препознавање на потенцијални судири на интереси. Исто така, оваа политика содржи и одредби за управување со судири на интереси што е можно побрзо и поделотворно, преку примена на соодветни мерки. Ваквите мерки се движат од добивање на согласност од соодветниот клиент за преземање ангажман кај два или повеќе клиенти до мерки како што е одбивање ангажман од страна на друштвата-членови со цел да се избегне идентификуваниот судир.

### Примена на политиката во практика

Глобалната алатка за прифаќање на нов клиент и продолжување на соработка со постоечки клиент (ГАППС) е интранет систем за делотворно координирање на прифаќањето на клиент и ангажман и продолжување на соработка во согласност со глобалните, професионалните политики и политиките на друштвата-членови. ГАППСги води корисниците чекор по чекор низ условите за прифаќање или продолжување на соработка, им укажува на политиките и ги упатува на професионалните стандарди што се потребни за проценување на деловнте можности и поврзаните ризици.

Како дел од овој процес, ние внимателно ги разгледуваме ризиците на потенцијалните клиенти  и неколку постапки за длабинска анализа. Пред да прифатиме нов ангажман или клиент, утврдуваме дали имаме доволно ресурси да обезбедување на квалитетна услуга, особено во стручни области, како и дали услугите што ги бара клиентот се соодветни за нас. Постапката за одобрување е строга и не е можно прифаќање на нов ангажман за ревизија без претходно одобрение од страна на нашиот директор за стручна практика (ДСП).

Во текот на нашата годишна постапка за потврдување на продолжувањето на соработката со клиентот, ја разгледуваме обезбедената услуга и нашата способност да продолжиме со обезбедување на квалитетни услуги и потврдуваме дека клиентите ја делат посветеноста на EY Македонија за квалитет и транспарентност во финансиското известување. Партнерот кој е одговорен за секоја ревизија, заедно со раководството за уверување, врши годишна проверка на нашиот однос со клиентот кој е предмет на ревизија за да утврди дали е правилно да се продолжи со соработката.

### Детална контрола

Како резултат на оваа проверка, одредени ревизиски ангажмани се уврдени како ангажмани со високи барања и подлежат на дополнителни контроли во текот на ревизијата, а соработката со некои ревизорски клиенти се раскинува. Како и кај постапката за прифаќање на нов клиент, нашиот ДСП е вклучен во постапката за одлучување во врска со продолжувањето на соработка и мора да се согласи со одлуките за продолжување на соработка.

Одлуката за прифаќање на нов клиент, како и одлуката за продолжување на соработка со постоечки клиент зависат од проценката на ревизорскиот тим за тоа дали управата на друштвото може да изврши притисок врз нас да прифатиме несоодветни заклучоци за сметководството, ревизијата и извртувањето со што може да се намали квалитетот. Разгледувањата на и заклучоците за интегритетот на раководството се од клучна важност за одлуките за прифаќање или продолживање на соработка.

## Спроведување ревизии

### Ревизорска методологија

Глобалната ревизорска методологија на EY (EY ГРМ/ EY GAM) овозможува глобална рамка за обезбедување на висококвалитетни ревизорски услуги преку постојана примена на осмислени процеси, пресуди и постапки во сите ревизии. Вршењето процени на ризик, нивното разгледување и изменување доколку е потребно и примената на овие процени за утврдување на природата, времето и опсегот на ревизорските постапки се од темелно значење за EY ГРМ. EY ГРМ исто така ја нагласува примената на соодветен професионален скептицизам во извршувањето на ревизорските постапки. EY ГРМ се заснова на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР).

EY  ГРМ е наша сеопфатна методологија и е организирана во меѓусебно зависни фази чија цел е насочување на вниманието кон деловното работење на клиентот и ризиците во финансиското известување и како влијанието на овие ризици врз нашата ревизија на финансиски извештаи. EY  ГРМ се состои од три клучни компоненти: барања, дополнителни насоки и придружни формулари, обрасци и примери. Барањата го одразуваат типичниот тек на спроведување на ревизија од страна на EY Македонија  Дополнувањата содржат барања и насоки за специфични ситуации и околности што може да настанат за време на ревизија. Формуларите, обрасците и примерите опфаќаат илустрации на водечката практика и помагаат при изведувањето и докумнетирањето на ревизорските постапки.

Подобрувањата на ревизорската методологија се вршат редовно како резултат на нови стандарди, нови ревизорски прашања и проблеми, искуства од примена и резултати од надворешна и внатрешна инспекција. На пример, EY  ГРМ беше ажурирана со издавањето на МСР 610, *Користење на работата на внатрешните ревизори*. Исто така, неодамна издадовме нов ревизорски пристап, скроен за приватниот среден пазар, што е во согласност со условите на МСР.

Освен тоа, непрекинато го следиме тековниот и новиот развој и издаваме навремени потсетници за планирање на ревизија и други прашања. Ваквите потсетници ги нагласуваат областите што се забележани за време на инспекциите, како и клучните теми од интерес за Меѓународниот форум на независни регулатори на ревизија (IFIAR). Истите вклучуваат професионален скептицизам, ревизии на групации, признавање на приходи и прегелд на квалитетот на извршените ревизии.

EY  ГРМ бара усогласеност со релевантните етички прописи, вклучувајќи и независност од друштвото што е предмет на ревизија.

### Технологија

Нашите ревизорски тимови користат технички алатки што им помагаат во извршувањето на ревизија и документирањето на извршената работа во согласност со EY  ГРМ. Нашата примарна алатка за ревизија, GAMx, служи за поддршка и спроведување на EY  ГРМ и соодветната ревизорска документација, зајакнувајќи ја нашата способност за извршување на доследни, висококвалитетни ревизии. Оваа алатка овозможува директен пристап до податочни бази на знаење (ревизорски насоки и толкувања), професионални стандарди, обрасци за документирање и други алатки што се потребни за успешно извршување и документирање на ревизија што се заснова на ризик. GAMx ја олеснува соработката во рамките на ревизорскиот тим бидејќи нуди можност за споделување на информации и документации за спроведените постапки и заклучоци. GAMx исто така овозможува безбедни меѓусебни комуникации за нашите вработени да може да работат заедно како да се наоѓаат на иста физичка локација. Ревизорскиот тим користи и други софтверски апликации, формулари и обрасци за време на различни фази на ревизијата за да им помогнат во подготовката и документирањето на ревизорски мислења, пребарувањето податоци и аналитичките функции.

EY има голем број алатки за анализа на податоци кои се применуваат во ревизијата. Овие алатки им помагаат на нашите тимови во анализирањето на податоците на клиентите, подобрувајќи ги нашите процеси на процена на ризик и овозможувајќи истражување на трансакции со повисок ризик поради дополнително испитување.

### Формирање на ревизорските тимови

Политиките на EY Македонија бараат годишен преглед на распоредот на ревизии распределени на партнерите од страна на нашето Раководство за уверување и Директорот за стручна практика (ДСП) за да се осигури дека стручните лица кои извршуваат ревизии во друштва што котираат на берзата ги поседуваат соодветните квалификации (т.е. знаење, вештини и способности) за да ги исполнат своите ревизорски одговорности и дека истите работат во согласност со применливите законски прописи за ротација на ревизори.

Распределувањето на луѓе во ревизорските тимови е исто така во надлежност на Раководството за уверување. Факторите што се земаат предвид при распределбата на луѓе во ревизорски тимови се: компетентност, опсег и комплексност на ревизијата, специјализирано знаење и искуство од областа на одредена индустрија, траење на ревизијата, континуитет и можности за обука на работно место. Кај покомплексните ревизии се разгледува дали постои потреба од посебна или допоплнителна стручност за дополнување и подобрување на ревизорскиот тим.

Во многу случаи, внатрешните стручни лица се назначуваат како дел од ревизорскиот тим за да помагаат во спроведувањето на ревизорските постапки и да стекнат соодветни ревизорски докази. Ваквите стручни лица се ангажираат во ситуации кои бараат посебни вештини или знаење, како што се информациски системи, вреднување на средства и актуарска анализа.

## Преглед и консултации

### Преглед на извршена ревизија

Нашите политики наложуваат извршните раководители на ревизорските тимови да бидат навремено и директно вклучени во извршувањето на ревизиите, а прегледот на извршените ревизии да се врши на различни нивоа. Надзорните членови од ревизорскиот тим вршат детален преглед на ревизорската документација за да се утврди точност и целосност. Извршните раководители на тимот извршуваат второстепен преглед за да ја утврдат соодветноста на ревизорската работа во целина и презентацијата на поврзаните сметководствени и финансиски извештаи. Претставниците на даночните органи вршат преглед на значјните даночни и други релевантни работни документации. За друштвата што котираат на берза или одредени други друштва, партнерот за преглед на квалитетот на ревизијата (опишан подолу) врши увид во значајни области од сметководството,  финансиското известување и вршење ревизија, како и во финансиските извештаи на друштвото што е предмет на ревизија и во нашиот извештај. Природата, времетраењето и опсегот на прегледите на ревизијата зависи од многу фактори, вклучувајќи ги:

- Ризикот, значајноста, субјективноста и сложеноста на предметот на ревизија
- Способноста и искуствоа на членовите на ревизорскиот тим задолжени за подготовка на ревизорската документација
- Степенот на директно учество во ревизијата на партнерот за проверка на квалитетот на ревизијата
- Опсегот на користење консултации

Нашите политики исто така ги опишуваат улогите и одговорностите на секој член од ревизорскиот тим за управување, насочување и надгледување на ревизијата, како и барањата за документирање на нивната работа и заклучоци.

### Потреба од консултирање

Нашите консултантски политики се изградени врз култура на соработка при што ревизорските стручни лица се охрабруваат да споделуваат перспективи за комплексни сметководство, ревизија и пријавување на проблеми. Потребите од консултирање и поврзаните политики се така создадени, што ги искористуваат правилните ресурси за да можат ревизорските тимови да носат соодветни заклучоци.

**Консултирањето е вградено во процесот на носење одлуки; тоа не претставува само процес на давање совети.**

За сложени и чувствителни прашања, бараме консултирање надвор од ревизорскиот тим со останатите вработени коишто имаат поголемо искуство или стручно знаење, вообичаено со директорот за стручна практика и вработените задолжени за независноста. Во интерес на објективноста и професионалниот скептицизам, нашите политики од членовите на одделот за стручна практика и независност, како и на некои други оддели, бараат да се повлечат од советување, доколку тоа го работат  или го работеле во даден временски период, на клиентот на којшто се однесува советувањето.

Нашите консултантски политики исто така опфаќаат и барање за документирање на консултирањата, вклучувајќи и писмена согласност од страна на лицето или лицата што биле консултирани, со цел да се докаже дека консултантот го разбрал проблемот и неговотот решение.

### Проверка на квалитетот на ревизијата

Прегледот на квалитетот на ревизијата се врши од страна на партнери за преглед на ревизија во согласност со професионалните стандарди за ревизија на сите друштва што котираат на берзата и оние што се сметаат за високоризични друштва. Партнерите за проверка на квалитетот на ревизијата се искусни професионалци со значајно предметно знаење. Тие се независни од ревизорскиот тим и се способни да обезбедат објективна процена на значајни прашања од областа на сметководството, ревизијата и известувањето. Во ниеден случај, одговорноста на партнерот за проверка на квалитетот на ревизија не може да биде пренесена на друго лице. Прегледот на квалитетот на ревизијата вообичаено се врши низ целиот циклус на ревизијата, вклучувајќи го и планирањето, процената на ризик, ревизорската стратегија и нејзиното извршување. Не се ограничува на прегледување на финансиските извештаи и заклучоци во моментот на издавање на нашиот ревизорски извештај. Политиките и постапките за вршење и документирање на прегледот на квалитетот на ревизијата обезбедува конкретни насоки кои упатуваат на природата, времетраењето и опсегот на постапките што треба да се извршат и потребната документација со која ќе се докаже дека истите се завршени.

Нашиот директор за стручна практика го прегледува и одобрува распоредот на партнерот за проверка на квалитетот на ревизиите извршени во друштва што котираат на берзата и оние за оние што се сметаат за високоризични друштва.

**Решавање на несогласувањата во рамките на ревизорскиот тим**

EY има култура на соработување која ги охрабрува нашите вработени да се изјаснат, без страв од омраза, во случај на професионално несогласување или доколку се чувствуваат непријатно во врска со некое прашање што се однесува за клиент на ревизија. Политиките и постапките ги овластуваат членовите на ревизорските тимови да го искажат своето несогласување во врска со значајни прашања од областа на сметководството, ревизијата и известувањето.

Ваквите политики им се претставуваат на луѓето на почетокот на нивното вработување во EJ, а ние продолжуваме да промовираме култура што ја зацврстува одговорноста и овластувањето на вработените да ги изнесуваат своите ставови и да ги согледаат гледиштата на другите.

Разликите во стручните мислења што произлегуваат за време на вршење ревизија, најчесто се решаваат на ниво на ревизорскиот тим. Сепак, доколку некој поединец кој учествува во расправа во врска со некој проблем не е задоволен со одлуката, тој или таа има  право и обврска да го проследи проблемот на повисоко ниво на одговорност сè додека не биде постигната согласност или донесена конечна одлука. Дотогаш, страните во расправата не се повлекуваат, тргаат на страна или на друг начин извлекуваат од процесот. Доколку одговорниот партнер за ревизија не ги прифати препораките од страна на партнерот за проверка на квалитетот на ревизијата или доколку проблемот не биде решен во корист на независниот пазар, ревизорскиот извештај нема да биде издаден сè додека проблемот не биде решен преку одржување консултации за решавање на професионалните несогласувања. Нашата политика бара документирање на сите несогласувања и нивно решавање на ист начин како и кај другите консултации.  Секој којшто е вклучен во процесот може одделно да го документира својот став во прилог на документацијата за конечнатата одлука.

## Ротација на партнерот одговорен за ревизија

EY ја поддржува мерката за задолжителна ротација на одговорниот партнер за ревизија со цел да помогне во зајакнувањето на независноста на ревизорот. Ние се придржуваме на барањата за ротација на одговорниот партнер за ревизија според кодексот на Меѓународниот одбор за етички стандарди во сметководството (МОЕСС) и Македонскиот закон за ревизија, а по потреба и на барањата на американската Комисија за хартии од вредност (КХВ). EY Македонија ја поддржува ротацијата на одговорниот партнер за ревизија затоа што истата нуди свежа перспектива и ја промовира независноста од управата на друштвото, притоа задржувајќи ја стручноста и познавањето на деловното работење. Ротацијата на одговорниот партнер за ревизија, во комбинација со барањата за независност, усовршените системи на внатрешна контрола на квалитет и независниот надзор над ревизијата, помага во зајакнувањето на независноста и објективноста и се важни заштитни мерки на квалитетот на ревизија. За ентитети од јавен интерес, за коишто домашното законодавство не предвидува задолжителна ротација на одговорниот партнер за ревизија или е помалку рестриктивно од барањата на МОЕСС, глобалната политика за независност на EY бара партнерот за ревизија и партнерот за проверка на квалитетот на ревизијата да се менуваат на секои седум години. За новите клиенти - ентитети од јавен интерес (вклучувајќи ги и друштвата кои штотуку котирале на берзата), одговорниот партнер за ревизија и партнерот за проверка на квалитетот на ревизијата може да останат да работат за тој клиент уште две дополнителни години пред нивно ротирање од тимот, без оглед на времето што го поминале работејќи за тој клиент пред неговото котирање на беразта. После ротацијата, партнерот не може да биде раководител на тимот или партнер за преглед  на квалитетот на ревизијата во рок од најмалку две години.

Ние поседуваме алатки за да го следиме ротирањето на партнерите со цел да се овозможи успешно контролирање на барањата. Исто така, спроведовме и процес за планирање на и донесување одлуки за ротацијата на партнерите којшто вклучува консултации со и одобренија од нашиот оддел за стручна практика и независност.

## Проверка на квалитетот на ревизијата

Глобалната програма за проверка на квалитетот на ревизијата (ПКР) е основа за напорите на EY за одржување и усовршување на квалитетот на ревизијата. EY Македонија ја спроведува глобалната програма за проверка на квалитетот на ревизијата, поднесува извештаи за резултатите и подготвува соодветни акциони планови. Првичната цел на програмата е да се утврди дали ситемите за контрола на квалитет, вклучувајќи ги и оние на EYМакедонија, се креирани на соодветен начин и дали истите се применуваат во вршењето ревизија за да се обезбеди разумно уверување за усогласеност со политиките и постапките, професионалните стандарди и законски прописи. Глобалната програма за проверка на квалитетот на ревизијата е усогласена со насоките што се опфатени во Меѓународниот стандард за контрола на квалитет бр. 1 и амандманот (МСКК бр. 1) Програмата исто така придеонесува кон постојаните напори на EYМакедонија  да ги препознае областите во кои можеме да го подобриме нашето работење и да ги усовршиме нашите политики и постапки.

Глобалната програма за проверка на квалитетот на ревизијата се спроведува на годишно ниво и е кооридинирана и следена од страна на претставници на мрежата на ДСП, а набљудувана од глобалната мрежа за управување со ризик.

Ангажманите коишто се оценуваат секоја година се избираат врз основа на ризик, нагласувајќи ги големите и сложени ревизорски клиенти или оние од значителен јавен интерес. Глобалната програма за проверка на квалитетот на ревизијата вклучува детален преглед на работните документации, притоа земајќи ги предвид ризиците, покривајќи голем број на котирачки и некотирачки клиенти на берзата за да се оцени усогласеноста со внатрешните политики и постапки, EY ГРМ и релевантните домашни професионални стандарди и законски прописи. Исто така, програмата вклучува и преглед на примерок на неревизорски ангажмани. Со ова се оценува усогласеноста со релевантните професионални стандарди и внатрешни политики што треба да се применуваат при вршењето на неревизорски услуги. Понатаму, се спроведуваат прегледи на ниво на друштвата за да се оцени усогласеноста со политиките и постапките за контрола на квалитет во рамките на функционалните области што се истакнати во МСКК  бр. 1. Глобалната програма за проверка на квалитетот на ревизијата ги надопонува надворешните инспекциски активности, како што се програмите за инспекција на законитоста и надоврешното оценување од страна на конкурентите.

Во 2012 год., проверката на квалитетот на ревизијата извршена од страна на EY Македонија резултираше со инспекција на две ревизии и поврзани ангажмани. Во 2012 год., ревизорските ангажмани што биле предмет на внатрешна инспекција од страна на ЕEY Македонија, беа проценети дека не содржат значајни  наоди или недостатоци. Во принцип , сите наоди и недостатоци, без оглед дали се значајни или занемарливи, Македонија ги анализира наодите од внатрешните и надворешните инспекции за да ги идентификува нивните причини и да изготви акциони планови за подобрување на квалитетот на ревизиите.

Стручните лица коишто ја оценуваат проверката на квалитетот на ревизија и раководителите на тимови се избираат врз основа на нивните вештини и стручни квалификации во областа на сметководството и ревизијата, како и нивната потесна специјалност; тие често работат во рамките на глобаланата програма за проверка на квалитетот на ревизијата во период од неколку години и поседуваат високо развиени вештини во однос на спроведувањето на програмата. Раководителите на тимови и стручните лица коишто спроведуваат проверка се назначени да вршат инспекции надвор од локацијата на којашто обично ја вршат својата работа и се независни од ревизорските тимови што ги оценуваат.

Резултатите од глобалната програма за проверка на квалитетот на ревизијата и надворешните прегледи и инспекции се оценуваат и се предмет на извештај со цел да се подобри квалитетот на вршење на работата. Сите планови за подобрување на квалитетот содржат список на дополнителните мерки што треба да се преземат, одговорните луѓе, распоредот на активности и крајните рокови и потписите за извршени активности. Мерките за решавање на проблеми во однос на квалитетот на ревизијата што се забележани од глобаланата програма за проверка на квалитетот на ревизијат, регулаторните инспекции и од страна на колеги, се адресирани од страна на Раководството за уверување и нашиот директор за стручна практика, со дополнето мислење од страна на групите за управување со ризик.  Овие активности ги надгледува нашиот директор за стручна практика и групите за управување со ризик. Овие прогами обезбедуваат знајчана повратна информација од контролата на активности за нашите континуирани напори за подобрување на квалитетот.

## Надворешна проверка на квалитетот на ревизијата

Работењето на ЕY Македонија и нашите регистрирани законски ревизори во областа на ревизијата се предмет на годишна инспекција од страна на Институтот за овластени ревизори на Р. Македонија. Како дел од овие инспекции, Институтот за овластени ревизори ги оценува системите за контрола на квалитет и врши проверка на поединечни ангажмани.

Последната инспекција за проверка на квалитетот од страна на Институтот за овластени ревизори на Р. Македонија беше спроведена во декември 2011 година. Последниот извештај за инспекцијата беше издаден на 4 март 2012 година.

Ние го почитуваме и имаме придобивки од инспекцијата на Институтот на овластени ревизори на Р. Макеоднија. Ние детално ги оценуваме покренатите прашања за време на инспекцијата со цел да се препознаат областите во коишто можеме да го подобриме квалитетот на ревизија, Заедно со нашиот процес на проверка на квалитетот на ревизија, надворешните инспекции ни помагаат во создавањето на контролното опкружување што е потребно за ревизии со врвен квалитет, во корист на инвеститорите и други заинтересирани страни.

Информации за горенаведениот законодавен орган, може да се најдат на интернет страната www.ioorm.org.

## Усогласеност со законските барања

Глобалниот кодекс на однесување нуди јасен пакет стандарди коишто ги насочуваат нашите постапки и нашето деловно однесување. EY Македонија е усогласена со применливите закони и прописи и Вредностите на EY се основа за нашата посветеност во вршењето на вистинската работа. Оваа важна посветеност е поддржана со голем број политики и постапки, како следниве:

**Анти-корупциска политика**

Глобалната анти-корупциска политика на EY им дава насоки на нашите вработени во однос на одредени неетички и незаконски активности. Таа ја нагласува обврската на нашите вработени да се придржуваат до законите за анти-корупција и дава поширока дефиниција за мито.  Исто така, ја идентификува одговорноста за поднесување пријава во случај на откривање на мито.

**Тргување со повластени информации**

Глобалната политика на EY за тргување со повластени информации ја потврдува одговорноста на нашите вработени да не тргуваат хартии од вредност со повластени информации, дава детали во врска со она што претставува една повластена информација и истакнува со кого нашите вработени треба се консултираат доколку имаат прашања во врска со нивните одговорности.

**Приватност на податоци**

Глобалната полотока за приватност на лични податоци ги поставува начелата што се применуваат за употреба и заштита на лични податоци, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на тековните, минатите и потенцијалните вработени, клиенти, добавувачи и деловни соработници. Оваа политика е во согласност со применливите закони и прописи за заштита на податоци и приватност при обработката на лични податоци. Истата претставува основа за одржување на приватноста на сите лични податоци што ги користи EY Македонија.  Освен тоа, ние имаме политика што се однесува на специфичните барања за приватност и деловни потреби на EY Македонија.

**Задржување на документи**

Политиката на EY Македонија за задржување на евиденција важи за сите ангажмани и вработени. Оваа политика нагласува дека сите документи мора да бидат зачувани кога некое лице ќе дознае за каква било вистинска или разумно очекувана тужба, парница, истрага, судска покана или друга владина постапка, а којашто нè вклучува нас или некој од нашите клиенти и што може да се однесува на нашата работа. Исто така, се однесува на законските прописи на Македонија што се применуваат за подготвување и одржување на работни документации кои се релевантни за извршената работа.



# Политика на независност

Политиката на ЕY за независност е осмислена на таков начин да ѝ овозможи на ЕY Македонија и на нашите вработени да делуваат во согласност со стандардите за независност што се применуваат во одредени ангажмани, вклучувајќи ги, на пример, стандарадите за независност на Меѓународниот одбор за етички стандарди во сметководството (МОЕСС), на Меѓународната федерација на сметководители (МСФ).

Ние ја вреднуваме независноста од неколку перспективи, вклучувајќи ги: нашите финансиски односи и оние на нашите вработени; работни односи; деловни односи; допустливоста на неревизорски услуги што им ги нудиме на клиентите кои се предмет на ревизија; ротација на партнер; договори за ревизорски надоместоци; претходно одобрение од Одборот за ревизија и надомест и компензација на партнер.

**Неусогласеноста со применливите професионални прописи за независност ќе влијае на одлуките за унапредување и надомест и може да доведе до други дисциплински мерки за вработените.**

Ние ги применивме глобалните апликации, алатки и процеси на ЕY што ни помагаат нам, на нашите стручни лица и други вработени да дејствуваме во согласност со политиките на независност.

**Глобална политика на независност на ЕY**

Глобалната политикиа на независност на ЕY содржи прописи за независност што се однесуваат на друштвата, стручните лица и други вработени во ЕY. Тоа е силна политика што е креирана според кодексот за независност на МОЕСС, но со построги барања доколку е пропишана од страна на законодавен орган. Политиката исто така содржи корисни насоки за да им се помогне на вработените да ги применуваат правилата за независност. Глобалната политика на независност на ЕY е достапна преку интранетот на ЕY.

**Глобален систем за независност**

Глобалниот систем за независност (ГСН) е алатка што е достапна преку интранет и којашто ни помага да ги утврдиме друштвата  од коишто мора да бидеме независни и кои рестрикции на независност се применуваат за тие друштва. Најчесто, тоа се клиенти што котираат на берзата и нивни соработници, но може да постојат и други типови на клиенти кому им се обезбедуваат услуги на уверување. Алатката вклучува податоци за семејно дрво во врска со соработниците на клиенитите што котираат на берзата, а што се предмет на ревизија и се ажурира од страна на членови на ревизорски тимови. Нашите вработени го користат ГСН за да можат, врз основа на правилата за независност што се применуваат за секој клиент, да одлучат кој тип на услуги може да им се обезбеди на клиентот.

**Глобален систем за контрола**

Глобалниот ситем за контрола (ГСК) е друга важна глобална алатка што помага во идентификувањето на забранети хартии од вредност и други недозволени финансиски инструменти. ГСК бара од вработените што се назначени за раководители и повисоки функции, да ги регистрираат во ГСК сите хартии од вредност што тие или членовите на нивните потесни семејства ги поседуваат. Кога поединец ќе изврши регистрација на забранети хартии од вредност, истиот добива известување и треба да ги продаде наведените хартии од вредност. Идентификуваните исклучоци се пријавуваат преку Глобалниот систем за пријавување на инциденти на независност (ГСПИН) поради законски барања.

ГСК исто така овозможува годишно и квартално потврдување на усогласеноста со политиките на независност, како што е подетално опишано подолу.

**Почитување на независноста**

ЕY воведе голем број процеси и програми чија цел е контролирање на усогласеноста со прописите за независност на друштвата што се членови на ЕY и нашите вработени. Тука се опфатени следниве активности, програми и процеси:

**Потврди на независност**

Навремената и точна подготовка на годишните и кварталните потврди на независност се од голема важност за одговорното раководство на тимовите.

Секоја година, EY Македонија е вклучен во процесот на разни области за да се потврди усогласеноста со Глобалната политика за независност на EY и да се пријават идентификуваните исклучоци, доколку има такви.

Сите стручни лица на EY и одредени други лица, во зависност од нивната улога или функција, мора да потврдат дека дејствуваат во согласност со политиките и постапките на независност барем еднаш годишно. Сите партнери се обврзани да поднесуваат потврди на секои три месеци.

**Глобални прегледи на почитување на независноста**

EY спроведува бројни тестирања и посети во друштва-членови за да ја процени усогласеноста со политиките на независност. Тоа подразбира и проверка на неревизорски услуги, деловни односи со друштва што се предмет на наша ревизија и финансиски односи со друштвата-членови.

Секоја година, глобалниот тим на EY за независност воспоставува програма за тестирање на усогласеноста со барањата за лична потврда на независност и за пријавување на податоци во ГСК.

**Неревизорски услуги**

Постигнувањето на усогласеност со професионалните стандарди кои го регулираат доставувањето на неревизорски услуги на ревизорски клиенти, може да се врши преку најразлични механизми. Тука се вклучени употребата на алатки (на пр. ГАППС- види страна 11 и Алатката за подготовка на референтен список на услуги (АПРСУ) – види подолу), обуки и потребните постапки што биле користени во текот на спроведувањето на ревизии и внатрешни инспекции.

**Глобална едукација за независност**

EY развива и поставува разни образовни програми за независноста. Сите стручни лица и одредени други вработени треба да учествуваат на годишната едукација за независност со цел да се овозможи одржување на нашата независност од друштвата што се предмет на наша ревизија.

**Целта е да им се помогне на нашите вработени да ја разберат својата одговорност и да му се овозможи на секој од нив и на EY да се ослободи од влијанијата кои се сметаат за некомпатибилни со објективноста, интегритетот и непристрасноста при извршувањето на ревизорски услуги кај некој клиент.**

Годишната програма за едукација за независност ги покрива нашите барања за независност насочувајќи се на неодамнешните промени во политиката, како и на важни теми и предмети од постојано значење. Навременото спроведување на годишната едукација за независност е задолжително и внимателно следено.

Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени:

Друштвото за ревизорски и книговодствен консалтинг Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје изјавува дека интерните процедури за проверка на усогласеноста на независноста постојат и истите се спроведуваат (годиШни индивидуални изјави од сите вработени во ДруШтвото Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО, како и изјави од сите членови на тимовите на ниво на поединиечен ангажман).

Покрај годишната програма за едукација за независнот, независноста се промовира преку бројни настани и материјали, вклучувајќи и програма за едукација на нови вработени и план за едукација за професионален кадар кој се занимава со вршење на ревизорски услуги.

**Алатка за подготовка на референтен список на услуги (АПРСУ -SORT)**

Постојано го оценуваме и следиме нашето портфолио на услуги за да потврдиме дека се во согласност со законот и професионалните стандарди и за да се осигуриме дека ги користиме соодветните методологии, постапки и процеси во развојот на нови услуги. Доколку е потребно, ги прекинуваме или забрануваме услугите што може да ја изложат независноста на ризик. АПРСУ на нашите вработени им обезбедува информации во врска со услугите што ги нудиме. АПРСУ опфаќа и насоки во врска со услугите што може да им се обезбедуваат на клиенти што се предмет на ревизија и на клиенти што не се предмет на ревизија, како и прашања за независност и управување со ризик.

### Алатка за оценување на деловни односи (АОДО- BRET)

АОДО ни помага да се осигуриме дека нашите деловни соработки се во согласност до барањата за независност. Нашите вработени треба ја користат АОДО за да проценат и добијат одобрение за секој потенцијален деловен однос со клиент на ревизија.

### Одбори за ревизија и корпоративно управување

EY ја признава важната улога што одборите за ревизија и слични органи за корпоративно управување ја имаат при надгледувањето на независноста на ревизорот. Овластените и независни одбори за ревизија се од витално значење за акционерите при заштитата на независноста и спречувањето судири на интереси. Ние сме посветени на силна и редовна комуникација со одборите за ревизија и со оние што се задолжени за управување. Преку нашите програми за проверка на квалитетот, ние ја следиме и тестираме усогласеноста со нашите стандарди за комуникации со одборот за ревизија, како и за претходно одобрување на услуги, доколку е соодветно.



# Создавање на тимови со висока работна успешност

ЕY гради подобар свет за работа за своите луѓе преку регрутирање, управување и задржување на најдобрите таленти и развивање на тимови со највисоки перформанси и извонредни лидери.

Стратешката цел е да се привлечат и да се изградат долгорочни односи со разновидни групи на талентирани стручни лица за ревизија.

**Ние се гордееме со нашата култура на вклучување нови вработени и сме посветени кон унапредување на развојот на нашите вработени.**

**Регрутирање и вработување**

Регрутирањето за ревизорската практика првенствено се извршува на факултетите и, кога е потребно, се поткрепува со вработување на луѓе со предходно работно искуство. Кандидатите се оценуваат врз основа на следните способности:

- Интелектуална способност
- Вештини за раководење
- Тимски/лични вештини
- Мотивација
- Комуникациски вештини
    - ЕY се стреми кон тоа да има водечки луѓе во културата ширум светот. Ние веруваме дека создавњето на култура која привлекува, задржува и развива извонредни луѓе води кон поголема квалитетна услуга.

**Вреднување на различноста и вклученоста**

Светската работна сила станува поразновидна – тренд кој треба да се слави и охрабрува. За светските организации, како на пример ЕY, важен аспект на создавењето вистинска работна средина е фокусот кон вклученоста.

Вклученоста е важна за да успее мешавината од различности. Станува збор за еднаквост и можност, осигурување дека разликите се слават со цел талентираните луѓе, без разлика на нивната позадина, да стигнат до врвот и сигурност дека можностите за развој и унапредување се достапни за сите уште од првиот ден.

За нас е гордост што ЕY е постојано цитиран од страна на надворешните организации како водич во разновидните практики и во обезбедувањето одлична работна средина

## Континуирано усовршување на овластените ревизори

**Професионален развој**

Рамката за развој на кариера на EEY (EYU), им обезбедува на нашите луѓе можности за вистински искуства, учење и тренирање за да им се помогне во развојот и достигнувањето на нивниот потенцијал.

Компонентата за учење на EYU се заоснова врз широк и глобално доследен план на настава, кој им помага на сите наши луѓе да ги развијат вистинските технички и лични водечки вештини без разлика на нивната местоположба во светот. Темелните тренинг курсеви за ревизија се надополнети со програмите за учење кои се развиваат како одговор на промените во стандардите за сметководство и известување, независните и професионалните стандарди и проблемите кои се појавуваат во практиката. Ние бараме од нашите професионални ревизори да имаат најмалку 20 часа постојана (локалните законски ревизори: 30 часа) професионална едукација секоја година и најмалку 120 часа во период од три години. Од овие часа, 40% (8 часа секоја година и 48 часа во период од три години) мора да имаат технички предмети кои се поврзани со сметководство и ревизија.

Како дополнение на формалното образование, професионалниот развој се случува преку тренинг и искуства кои ги стекнуваат нашите професионалци на работа. Тренингот помага во преносот на знаењето и искуството во практика. Од искусните професионалци се очекува да го пренесат знаењето преку тренинг и преку помагање во развојот на помалку искусниот персонал за создавање средина за континуирано образование.

**Процес на оценување**

Сеопфатниот процес за раководство со човековите потенцијали бара од нашите луѓе да поставаат цели, да имаат јасни очекувања од работата, да добиваат повратен одговор и да зборуваат за својата изведба за одредена задача. Процесот за управување и развој на потенцијалот (PMDP) е создаден да им помогне на нашите луѓе да се развиваат и да успеваат во својата кариера. Во рамките на PMDP, периодичните прегледи на изведувањето на работата се комбинираат со годишно самопроценување и годишни прегледи. Како дел од процесот на годишен преглед, секој професионалец, заедно со својот советник (назначен, поискусен професионалец), ги препознава можностите за понатамошен развој. Професионалците и нивните советници се предводени од очекувањата кои го прикажуваат образованието, вештините и однесувањата кои треба да се одржуваат и да се развиваат во соодветниот ранк. Овие очекувања, произлегуваат и се израмнуваат со глобалната стратегија и вредностите на EY.

## Знаење и внатрешна комуникација

Ние ја разбираме важноста на давање најнови информации за тимовите на клиентите со цел да им се помогне во изведбата на професионалните одговорности.

EY направи значајни инвестиции во мрежите на знаење и комуникација со цел да овозможи брзо ширење на информации, изградени околу интернетот и маил апликациите. Овие системи обезбедуваат пристап до стотици бази на знаења. Примерите вклучуваат:

- *Алатка за светско сметководство и ревизија (ACCP )* е стандардна алатка за сметковоство и ревизија на EY. Вклучува домашни и меѓународни стандарди во сметковоството и ревизијата, како и толкувачко водство.
- *Светски вести за сметководство и ревизија* е неделен весник кој ги покрива светските политики и процедури за ревизија и независност, вести од Меѓународниот одбор за сметководствени стандарди (МОСС) и внатрешните коментари и насоки во врска со меѓународните сметководствени, ревизорски и независни случувања.
- *Вашите EY дневни вести* е дневнен електронски весник кој известува за најновите вести и информации во врска со EY и нејзините услуги.
- *Перспективи* е тромесечен светски електронски магазин кој дава најнови стретешки информации за сите четири сервис линии, како и набљудувања и гледишта на работите кои ја погодуваат EY и нејзините клиенти.
- *Гледна точка и прегледи на EY* се публикации кои обезбедуваат перспектива на моменталната јавна политика и регулаторните развои на важноста на нашата професија, заинтересираните страни и капиталните пазари.
- Предупредувања и емисии на практиката вклучуваат опсег од светски и домашни предупредувања и конкретни емисии на практиката во рамките на ревизорската практика, вклучувајќи ги и оние истакнати инспекциски наоди како можност за напредок на праксата.

Политика за контрола на квалитетот, прирачници за ревизија и други матерјали се вклучени на нашата интернет страна. Истите, промовираат постојаност, точност, квалитет и достапност во нашата внатрешна и надворешна комуникација и функционира како алатка за справување со ризик. Овие информации, заедно со матерјалите за водство од надворешните организации, се редовно обновени и се одржуваат во електронски пребарувачки облик.

**Внатрешни анкети и постојан напредок**

Редовно собираме податоци од неколку процеси за контрола на квалитетот, како на пример, оценувањето на квалитет на ревизијата, консултациски процеси и други методи за помагање во подобрувањето на политиките, практиките и понатамошниот тренинг. Ги дополнуваме овие податоци со анкети од нашите луѓе. Глобалната анкета на луѓе зборува за тоа што мислат луѓето за културата на EY и како друштвата членови управуваат со бизнисите, еден од нивните најдобри индикатори за нивниот фокус на квалитетот. Резултатите од овие и други алатки за одговор помагаат да се идентификува каде друштвата-членови добро работат и каде се потребни подобрувања. Исто така, резултатите ни помагаат во создавање на планови и иницијативи за акција.



# Приходи и надоместоци

## Финансиски информации

Долунаведените информации за EY Македонија претставуваат комбинирани, неконсолидирани приходи и вклучуваат фактурирани трошоци на клиенти, како и приходи поврзани со фактурирања на други друштва-членови на EY. Исто така, износите на приходите што се обелоденети во овој извештај вклучуваат приходи и од ревизорските и од неревизорските клиенти.

Приходот е прикажан во согласност со Македонските сметководствени регулативи „Приходите од други обезбедени услуги"вклучуваат сметководствени и финансиски услуги; одредени услуги на длабинска анализа и услуги поврзани со ризици, вклучувајќи и внатрешни контроли, внатрешни ревизии, технологија и сигурност, усогласеност со прописите Sarbanes-Oxley (SOX), актуарски услуги, истражување на измами и форензички услуги и други услуги на заверување. „Приходи од други неревизорски услуги" вклучуваат трансакции, вреднувања, унапредувања во успешноста, реструктурирачки и други советодавни услуги.

Финансиски информации за годината која завршила на 31 декември 2013 год.

| Услуга | Приход (МКД) | Процент |
|---|---|---|
| Законска ревизија | 17,658,141 | 61.6% |
| Други услуги на ревизија | 921,238 | 3.2% |
| Даночно советување | - | -% |
| Други неревизорски услуги | 10,129,562 | 35.3% |
| Вкупно | 28,708,941 | 100% |

Финансиски информации за годината која завршила на 31 декември 2012 год.

| Услуга | Приход (МКД) | Процент |
|---|---|---|
| Законска ревизија | 21,910,000 | 46% |
| Други услуги на уверување | | -% |
| Даночно советување | | -% |
| Други неревизорски услуги | 25,767,978 | 54% |
| Вкупно | 47,678,592 | 100% |

## Иплаќање надомест на партнерите

Квалитетот е во центарот на нашата деловна стратегија и е клучна компонента на нашите системи за управување со работната успешност. Нашите партнери и други стручни лица се вреднуваат и добиваат надоместок врз основа на критериуми што вклучуваат специфични показатели на квалитет и управување со ризици, а кои се однесуваат и на активности и на резултати.

Процесот за глобално управување со работната успешност на партнерот (ГУРУП- GPPM) е глобално конзистентен процес на оценување за сите партнери во друштвата-членови на EY низ целиот свет. Тој ја зајакнува глобалната деловна агенда поврзувајќи ја нивната работна успешност со пошироки цели и вредности. ГУРУП е постојан цикличен процес што вклучува поставување на цели, планирање на личен развој, преглед на работната успешност и признание и награда. Тоа е основата на процесот за оценување со којшто се документираат целите и работната успешност на партнерите. Целите на партнерот треба да рефлектираат различни глобални приоритети, меѓу кои се вбројува и квалитетот.

Забрануваме оценување и давање надоместоци на одговорните партнери за ревизија и останатите клучни партнери што работат на ревизорски ангажман врз основа на продажба на неревизорски услуги на нивните ревизорски клиенти.
Ова ја зајакнува професионалната обврска на нашите партнери за зачувување на нашата независност и објективност.

Развивме посебни мерки за квалитетот на изведба и управувањето со ризик за да се има предвид следново:

- Техничко искуство
- Животот според вредностите на EY што се докажува со однесувањата и ставот
- Прикажување на знаење и раководење во областа на управувањето со квалитет и ризици
- Усогласеност со политиките и постапките
- Усогласеност со закони, прописи и професионални должности
- Придонес кон заштитата и зајакнувањето на брендот на EY

Нашата филозофија за давање надомест на нашите партнери зе заснова на јасни разлики во надоместоците во зависност од нивото на работна успешност на партнерот, соодветно на процесот за глобално управување со работната успешност на партнерот. Партнерите се оценуваат на годишно ниво за нивната работна успешност во обезбедувањето на квалитетни услуги, раководењето со вработени, оперативната стручност и раководењето и пораст на пазарот.

**Ние управуваме со ситем кој подразбира лимитирање во оценувањето со цел севкупната финална годишна оцена на партнерот да биде секогаш усогласена со неговата оцена за квалитет.**

За да се утврдат различни пазарни вредности за различни вештини и улоги и за да се привлечат и задржат стручни поединци, следниве фактори се земаат предвид при пресметувањето на наградата:

- Искуство
- Улога и одговорност
- Долготраен потенцијал
- Мобилност

Случаите на неусогласеност со стандардите за квалитет резултираат со казни, коишто може да вклучуваат и прилагодување на надоместокот, дополнителна обука, дополнителен надзор или прераспределување за друга работна задача. Повторувањето на неусогласување или сериозно непочитување на стандардите за квалитет може да резултира и со исклучување од EY.

## Информација за основата која го определува надоместокот на овластениот ревизор

Надоместокот на овластениот ревизор се определува врз основа на планираните часови и степенот на искуство на членовите на тимот кои се ангажираат за определен ангажман.



# Работа со нашите заинтересирани страни и заедници

## Дијалог со заинтересирани страни

Како ревизор на друштва што котираат на берзата и други ентитети од јавен интерес, EY Македонија е свесен за својата важна улога од јавен интерес што ја има во влевањето доверба во деловното работење, капиталните пазари и економии.
Сериозно ги сфаќаме нашите одговорности од јавен интерес и работиме напорно за да одржиме отворен и искрен дијалог со нашите заинтересирани страни како дел од нашата поширока посветеност за градење на подобар свет за работа.

Нашето опкружување е составено од широк спектар на креатори на политики, вклучувајќи влади, законодавни органи, органи за поставување стандарди и меѓународни организации. На средбите со нашите заинтересирани страни ги изнесуваме нашите перспективи и се трудиме што подобро да го разбереме нивното гледиште.
Поттикнуваме подобрувања во корпоративното управување, финансиското известување и други прашања што влијаат на нашиот капитален пазар во поширока смисла.
EY сè поактивно се поврзува со глобални организации како Одборот за финансиска стабилност, Меѓународниот одбор на независни регулатори нн ревизија и Базелскиот комитет за банкарска супервизија. EY исто така учествува на глобални форуми, како што е Светскиот економски форум, којшто ги обединува ставовите на раководителите за прашања што ни се важни нам и на нашите заинтересирани страни.

**Избран ангажман со заинтересирани страни на глобално ниво во 2013 год.**

Во текот на изминатата година, интернационалните организации и креатори на политики ширум светот го насочија своето внимание на бројни прашања што влијаат на нашата професија, вклучувајќи ја и независноста на ревизорите, квалитетот на ревизиите и корисноста на финансиските извештаи. Опциите како што се зголемено ревизорско известување; позначајни корпоративни обелоденувања; задолжителна ротација на ревизорски друштва или задолжително учество на тендерски постапки; и зголемена транспарентност на одборот за ревизија во надгледувањето на ревизорот, се тема на расправа во голем број држави. Овие опции се критични за трајната важност на ревизијата, атрактивноста и одржливоста на ревизорската професија и нашата континуирана способност да ја оствариме нашата улога од јавен интерес.

EY редовно се состануваше со инвеститори, законодавни тела, законодавци и други креатори на политики во 2013 година за да разговараат во врска со овии прашања. Овие разговори ја потенцираа важноста од силно корпоративно управување, со активно вклучени одбори на ревизија што ќе бидат транспарентни со заинтересираните страни во врска со нивното надгледување од страна на надворешен ревизор. Постои силна желба за значајна промена со цел да се зголеми корисноста и информативната вредност на ревизорскиот извештај, а ние веруваме дека ревизорите треба да ги истакнуваат прашањата што, според нивните расудувања, се најзначајни во ревизијата.

Инвеститорите се вбројуваат меѓу клучните зинтересирани страни.
Минатата година, EY продолжи да го зголемува бројот на ангажмани со инвеститори ширум светот за да се осигури дека EY ги разбира перспективите на инвеститорите во поглед на ревизијата, финансиското известување, корпоративното управување и други прашања на капиталниот маркет. На пример, во текот на 2013 година, EY одржа три вечери за дијалог со инвеститори и други заинтересирани страни од сите страни на светот. Овие се најнови во низата вечери што се одржале од 2011 година со цел да се поттикне расправа за начините на кои може да се подобри корпоративното управување. Некои од овие расправи покриваа низа на теми од областа на управувањето, додека пак други беа насочени на управувањето во посебни географски пазари или економски сектори. Овие вечери се модерираат независно и се одржуваат во *Chatham House* или на неофицијален терен за да се охрабри искрена расправа.

EY продолжува да учествува во Глобалниот дијалог на ревизори и инвеститори, неформална мрежа на водечки глобални институционални инвеститори и големи светски ревизорски мрежи за размена на мислења во врска со тековните прашања за финансиско известување и ревизија. EY исто така стана член на Азиското здружение за корпоративно управување и продолжува да биде активен член и спонзор на Меѓународната мрежа за корпоративно управување.  Овие организации ја зајакнаа способноста на EY да ги слушне перспективите на различни инвеститори и други и подобро да ги разбере нивните ставови.

EY Македонија соработува и е член на повеќе стопански комори во Македонија како што се AmCham (Американска Стопанска комора), DMWV (Германско-Македонска Стопанска комора) и ЕБА (Европска Бизнис Асоцијација). Преку наше активно учество на различни форуми и работни групи во организација на овие комори, ние ги изнесуваме нашите гледишта и ставови пред стејкхолдерите отварајќи дијалог за најголемите глобални промени во светски рамки а се со цел
градење на подобар работен свет.

EY Македонија истот така во голема мера соработува со локаниот ревизорски регулатор и слични организации како што е Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, со силна заложба за промовирање на високи стандарди за квалитет во обслужувањето на јавниот интерес.

**За повеќе од нашите ставови**

Избор на неодамнешни мисли на раководители е достапен на апликацијата EY Insights за мобилни телефони и таблет компјутери .

## Посветеност кон нашите заедници

Нашата посветеност за градење на подобар свет за работа започнува со нашите вработени и се проширува на работата што ја вршиме за нашите клиенти и други заинтересирани страни на пазарот. Чистиот учинок е корист којашто се генерира за заедниците ширум светот. Најзначајното влијание што го имаме врз општеството е нашата поддршка на глобалната и локалната економска стабилност и раст, што одговара на некои од главните прашања со кои светот се соочува.

ЕY ги поддржува организациите и активностите коишто придонесуваат во градењето на подобар свет за работа на глобално, регионално и локално ниво. ЕY е горд што е дел од „Глобал компакт" на ООН и се заложи дека ќе ги штити неговите десет општоприфатени начела од областа на човековите права, трудот, животната околина и борбата против корупција. ЕY секоја година поднесува извештај за својот напредок.

**Поддржување на заедници преку добротворни донации**

Ние придонесуваме кон непрофитни организации што се усогласени со нашата стратегија за корпоративно управување, како и со оние што одговараат на најитните потреби на заедниците во коишто живееме и работиме.

**Прикажување на службата во корист на животната околина**

Веруваме дека секоја посветеност за позелен свет започнува со нас. Како такви, самите си поставивме предизвик да работиме на еколошки прифатлив начин и да пронајдеме нови начини за намалување на емитувањето на јаглерод диоксид и отпад.

ЕY продолжува да развива свои мерки и известувања за испуштањето на стакленички гасови. Во соработка со внатрешни стручни лица за услуги на климатските промени и одржливост, ЕY воспостави глобална методологија за пресметување на влијанијата врз животната средина. ЕY бара начини за развивање и искористување на водечки практики за да се осигури дека има веродостоен глобален отисок.

**Десет начела на „Глобал компакт" на ООН**

*Човекови права*

1. Друштвата треба да ја поддржуваат и почитуваат заштитата на меѓународно признатите човекови права; и
2. Осигурете се дека тие не соучествуваат во прекршувањето на човековите права.

*Труд*

3. Друштвата би требало да ја поддржуваат слободата на здружување и признавањето на правата за колективно преговарање;
4. Елиминирање на сите облици на присилно и задолжително работење;

5. Успешно укинување на детскиот труд; и

6. Елиминирање на дискриминација во поглед на вработување и занимање.

*Животна средина*

7. Друштвата треба да применуваат претпазлив пристап за предизвиците од областа на животната околина;

8. Да се преземаат иницијативи за поттикнување на поголема одговорност кон животната околина; и

9. Да се охрабрува развојот и ширењето на еколошки прифатливи технологии.

*Антикорупција*

10. Друштвата треба да работат на сузбивање на сите облици на корупција, вклучувајќи и изнудување и подмитување.

.



# Прилог: Клиенти на EY Македонија од јавен интерес

Во текот на финансиската година што заврши на 31 декември 2013 год., EY Македонија изврши законски ревизии на следниве ентитети:

- Адриалаб ДОО Скопје
- Американска Стопанск Комора во Македонија
- Балкан Марбел Индустри ДООЕЛ Скопје
- Близу ДООЕЛ Скопје
- Лек Скопје ДООЕЛ
- Цементарница усје АД Скопје
- Феникс фарм ДОО Скопје
- Газит Македонија АД Скопје
- ХИпериум ДООЕЛ Скопје
- ХИПО Алпе Адриа Лизинг ДООЕЛ Скопје
- Идеал Шипка ДОО Битола
- КБ Прво пензиско друштво АД Скопје
- КЕМА ДООЕЛ Скопје
- Кемет електроникс
- Министерство за труд и социјала (ревизија на проектот за условен паричен трансфер)
- НЛБ Лизинг ДОО Скопје
- НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
- НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје
- Публицист ДОО Скопје
- Сава Осигурување АД Скопје
- Сокотаб АД Битола
- Шпаркасе банка Македонија АД Скопје
- Текстил Логистик Македонија ДООЕЛ Скопје
- Телелинк Македонија ДООЕЛ
- Триглав Осигурување АД Скопје
- Ван Хоол ДООЕЛ Македонија
- Вабтек МЗТ АД Скопје

**EY** | Ревизија | Даноци | Трансакции | Советување

**За EY**
EY е глобално водечко друштво за услуги на ревизија, даноци, трансакции и советување. Квалитетните услуги што ги обезбедуваме ви помагаат да изградите доверба во капиталните пазари и економии ширум светот. Развиваме извонредни водичи коишто ги исполнуваат барања на нашите заинтересирани страни. На тој начин, играме клучна улога во градењето на подобар свет за работа за нашите вработени, нашите клиенти и нашите заедници.

EY се однесува на глобалната организација на друштвата - членови на Ернст & Јанг Глобал Лимитед (Ernst & Young Global Limited), од кои секое си е посебно правно лице. Ернст & Јанг Глобал Лимитед, британско друштво ограничено со гаранција, не обезбедува услуги на клиенти. За повеќе информации во врска со нашата организација, ве молиме посетете нѐ на www.ey.com

©2014 Ернст и Јанг Овластени ревизори ДОО Скопје – член на EY]

Сите права се задржани.

ey.com